РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-787/2
23-04 20 20 год.
КОЧАНИ

Друштво за производство и услуги
НАСА КОМ ДОО
Бр. 036-12
23-04-2020 год.
Скопје

# Д о г о в о р

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст: **Корисник на услугата) и**

**2. Друштво за производство и услуги НАСА КОМ ДОО Скопје**, со седиште на ул.„Влатко Миленковски“ бр.19, Битола, со ДБ: 4030003478905 и ЕМБС: 5760739, жиро с-ка 500000000779519 депонент на Стопанска банка АД Битола, застапувано од Управителот Наум Симјановски, (во понатамошниот текст: **Вршител на услугата).-**

*Предмет на договорот*

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Вршење на стручен надзор над реконструкција на ски лифт**

Во согласност со тендерската документација, техничката спецификација и понудата на Вршителот на услугата по спроведената Набавка од мала вредност на Договорниот орган по оглас број 05376/2020.

*Вредност на договорот*

**Член 2**

Вкупната договорена вредност што може да се плати по овој Договор изнесува **28.294,00 ден. без ДДВ, односно 33.387,00 ден. со вклучен ДДВ 18%.**

Вкупната вредност за извршување на услугите предмет на овој договор е утврдена согласно спроведената фаза на електроската аукција (извештај од текот на е-аукцијата)

*Извор на средствата за реализација на договорот*

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма FA, ставка 482.

*Начин и рок на плаќање*

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши во рок до 60 (шеесет) дена, сметано од денот на поднесување на фактурата во архивата на договорниот орган.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

*Обврски на Вршителот на услугата*

**Член 5**

Вршењето на стручниот надзор треба да биде според барањата на Корисникот на услугата и постојните технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на услуги.

Вршителот на услугата е должен да го изврши предметот на договорот во рок кој е утврден во конкретното барање од страна на Договорниот орган.

Вршителот на услугата е должен предметот на договорот да го врши на следниот начин:

- е должен во текот на реализацијата на Реконструкцијата на ски лифтот да присуствува за да го контролира објектот кој е предмет на надзор. Присуството на надзор ке биде контролирано од претставник на Општината. Потребно е да поседува возило за посета на објектот кој ке биде предмет на надзор. Надзорот ке се врши на ски лифтот кој се наоѓа во туристичкиот локалитет Пониква оддалечен околу 20км северно од Кочани.
- Редовно да ги следи и контролира изведувањето на предметните работи во поглед на квалитетот и квантитетот,
- Да го запознае Нарачувачот за сите недостатоци односно неправилности кои ќе ги воочи и истите да ги забележи во градежниот дневник,
- Редовно да го прегледува, контролира и заверува градежниот дневник кој го води изведувачот
- Редовно да ја прегледува градежната книга, да ги контролира количините на изведените работи врз основа на извршените снимања (мерења) на количините кои ќе служат за подготовка на времените ситуации, односно подготовка на завршна ситуација и да ја заверува градежната книга, која ја води изведувачот

*Обврски на Корисникот на услугата*

**Член 6**

При секоја фаза во текот на реконструкцијата на ски лифтот, Изведувачот и Корисникот на услугата се должни на Вршителот на услугата за стручниот надзор да му овозможат да изврши проверка.

Корисникот на услугата се обврзува да ги обезбеди сета договорна документација и сите други потребни документи и податоци, за несметано извршување на услугите предмет на овој Договор.

Корисникот на услугата се обврзува на барање на Вршителот на услугата да земе учество во решавање на евентуалните несогласувања и проблеми со Изведувачот.

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 7**

Овој Договор е со времетраење на важноста од 3/три/ месеци, сметано од денот на потпишувањето, односно изедначено со времетраењето на важноста на договорот за Реконструкција на ски лифтовите на Пониква кој го склучи Центар за развој на Источно плански регион од чија страна беше објавен оглас за Реконструкција на ски лифтовите на Пониква .

**Виша сила**

**Член 8**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила

должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

***Корупциско или измамничко однесување***

**Член 9**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој Договор.

***Договорна казна***

**Член 10**

За неизвршување и неквалитетно извршување на услугата, договорот ќе биде еднострано раскинат од страна на Корисникот на услугата и Вршителот на услугата да му плати договорна казна во висина од 20% од вкупната вредност на договорот.

Услугата се смета за неквалитетно извршена доколку се јават недостатоци кои можат да се стават на Вршителот на услугата, а кои се резултат на неправилностите кои не биле костатирани во текот на реконструкцијата, вградување на неквалитетни материјали од страна на Изведувачот, а одобрени од Вршителот на услугата, односно надзорот и истите не се евидентирани во дневниот, неделниот, месечниот или завршниот извештај и градежната книга и градежниот дневник.

***Завршни одредби***

**Член 11**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 13**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 14**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 15**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

*за Вршителот на услугата ,*
***НАСА КОМ ДОО Скопје***
***Управител,***

***( Наум Симјановски )***

Друштво за производство и услуги 5 НАСА КОМ ДОО Скопје

*за Корисникот на услугата,*
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

Република Северна Македонија Општина Кочани

*Прилог на овој договор техничка спецификација –дел од тендерска документација објавена со оглас бр 05376/2020*

***Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки Александра Миткова***
***Контролирал: Раководител на Одделение за Локален економски развој Сашо Стоименов***

# Техничка спецификација

*Вршење на стручен надзор на*

*Реконструкција на ски лифт бр. 1 и ски лифт бр.3 на Пониква*

Позиции на работа:

**Техничка Спецификација за Реконструкција на Ски Лифт бр. 1 на *Ски Центар - ПОНИКВА***

| Р. Бр. | Опис | Ед. Мерка | Кол. |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка, транспорт и монтажа на Влечно челично Јаже Ф12mm Тип 6x19-FC со носивост (јачина на жиците) 1770 N/mm2, десно навојно и десно усукано, топло цинковано со сертификат изработена од Сертифицирана фирма. | m' | 400,00 |
| 2 | Набавка, транспорт и монтажа на Јаже за Затеги Ф12мм Тип 6x19-FC со Сертификат. | m' | 60,00 |
| 3 | Репарација или набавка со монтажа на Котва (Сидро) за едно лице, должина на тело-1600мм.  | бр. | 16,00 |
| 4 | Репарација или набавка со монтажа на AL тркалца според скица и примерок.   | бр. | 30,00 |
| 5 | Набавка, транспорт и монтажа на гума од соодветен материјал за тркалца според примерок L = 500мм.  | бр. | 30,00 |
| 6 | Набавка, транспорт и монтажа на гума од соодветен материјал за Појдовно Тркало според примерок L = 8000мм.  | бр. | 1,00 |
| 7 | Набавка, транспорт и монтажа на Лагери 6205 zz pvc и зегер осигурачи на тркалцата. | бр. | 60,00 |
| 8 | Ремонт на Моторот | бр. | 1,00 |
| 9 | Комплетен Сервис на Редуктор со промена на сите лежишта и оштетни запчаници како и промена на Уље. | бр. | 1,00 |
| 10 | Набавка, транспорт и монтажа на плотни за Штелување (штелувачи) комплет со потребни завртки и рамки, | бр. | 12,00 |
| 11 | Репарација на рамки за тркалца според примерок :   | бр. | 15,00 |
| 12 | Набавка, транспорт и монтажа на Поцинкувана Сајла Ф4мм EN12385 конструкција 6x7 со конопно јадро,обнова и испитување на громобранската инсталација и заземјувањето | m' | 200,00 |
| 13 | Поставување поцинкувана цевка по Столбовите за заштита на кабелот. | m' | 40,00 |
| 14 | Бојадисување на појдовна и дојдовна станица и столбови со епоксидна боја. | бр. | 6,00 |

| ЕЛЕКТРИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Р. Бр.** | **Опис** | **Ед. Мерка** | **Кол.** |
| **8** | Набавка и Монтажа на Комплет Електроника и Управувачки Дел со комплетна демонтажа на постоечката: | | |
| | **Опис - Ормар** | | |
| 1 | Ормар 600x800x300 со дупло дно | бр. | 1,00 |
| 2 | Грејач за ормар | бр. | 1,00 |
| 3 | Термостат за ормар | бр. | 1,00 |
| 4 | Вентилатор 260x260 за ормар со филтер | бр. | 2,00 |
| 5 | Главен гребен трополен 35 ампери | бр. | 1,00 |
| 6 | Главен контактор 15 Kw | бр. | 1,00 |
| 7 | Моторна заштита 25-35 ампери трополна | бр. | 1,00 |
| 8 | Помошен контакт за моторна заштита NC | бр. | 1,00 |
| 9 | Главни осигурувачи 30 ампери со подножје | бр. | 1,00 |
| 10 | Реле со 2 контакти NO/NC 48 AC Amp | бр. | 5,00 |
| 11 | PLC CPU 396 R | бр. | 1,00 |
| 12 | Модул за проширување 8/8 Реле | бр. | 1,00 |
| 13 | HMI 7“ Ethernet VNC | бр. | 1,00 |
| 14 | Комуникациски Кабел HMI/PLC | бр. | 1,00 |
| 15 | Напојување 24 DC 5 amp | бр. | 1,00 |
| 16 | Трафо 220/48V 10 amp | бр. | 1,00 |
| 17 | Сигнален Семафор | бр. | 1,00 |
| 18 | Тастер | бр. | 6,00 |
| 19 | Е стоп копче | бр. | 3,00 |
| 20 | Метална Кутија 100x150 за копчиња | бр. | 3,00 |
| 21 | Монтажен Матрејал-Жици, Клеми, Шини. | бр. | 1,00 |
| 22 | Инвертер 15 KW Вектор | бр. | 1,00 |
| 23 | Сензор за брзина на ветер | бр. | 1,00 |

| | **Опис - Жичара, обнова и испитување на громобранската инсталација и заземјувањето вклучено во понудата.** | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Кабел Сигнален 12x1.5mm | м | 500,00 |
| 2 | Прекидач за позиција на Сајла NC IP 67 | бр. | 10,00 |
| 3 | Приклучна Кутија IP 67 300x400 mm | бр. | 5,00 |
| 4 | Брава за приклучна кутија | бр. | 5,00 |
| 5 | Метална цевка за Кабел | м | 200,00 |
| 6 | Кабел 3x1,5 | м | 200,00 |
| 7 | Инсталација и Програмирање на Системот | бр. | 1,00 |
| 8 | Кабел за Разглас 2x1,5 | м | 350,00 |
| 9 | Звучници Надворешни | бр. | 14,00 |
| 10 | Појачало со Радио и MP3 и Микрофон | бр. | 1,00 |

| Техничка Спецификација за Реконструкција на Ски Лифт бр. 3 на *Ски Центар - ПОНИКВА* | | | |
|---|---|---|---|
| **Р. Бр.** | **Опис на Работа** | **Ед. Мерка** | **Количина** |
| **1** | Набавка, транспорт и монтажа на Влечно челично Јаже Ф16mm Тип 6x19-FC со носивост (јачина на жиците) 1770 N/mm2, десно навојно и десно усукано, топло цинковано со сертификат изработена од Сертифицирана фирма. | m' | 1.050,00 |
| **2** | Набавка, транспорт и монтажа на Јаже за затегање на последниот столб Ф16 Тип 6x19-FC со носивост 1770 N/mm2 и заплетка со Сертификат. | m' | 150,00 |
| **3** | Репарација или набавка со монтажа на Котви (Сидра) за 2 лица по примерок (комплет со лак, механизам и стап).  | бр. | 20,00 |
| **4** | Репарација или набавка со монтажа на AL тркалца според скица и примерок.   | бр. | 80,00 |
| **5** | Набавка, транспорт и монтажа на гума од соодветен материјал за тркалца според примерок L = 500мм.  | бр. | 80,00 |
| **6** | Набавка, транспорт и монтажа на гума од соодветен материјал за Појдовно Тркало според примерок L = 8000мм.  | бр. | 2,00 |
| **7** | Комплетен Ремонт на Погонски ел.мотор | бр. | 1,00 |
| **8** | Комплетен сервис на редуктор со промена на сите лежишта и оштетени запчаници и полнење со 90л. ново редукторско уље. | бр. | 1,00 |
| **9** | Ремонт на Гума и Лежишта на појдовно и повратно тркало. | бр. | 2,00 |
| **10** | Набавка и монтажа на лежишта (6205) и Зегер осигурачи на тркалцата. | бр. | 160,00 |
| **11** | Поставување црево ф2" во каналот по целата должина на трасата, Поставување на кабел во цревото, Поставување на Поцинкувана Сајла Ф4мм според стандардите, Поставување на Поц.цевка 1/2" по столбовите за заштита на кабелот, | m' | 600,00 |
| **12** | Промена на Плотни(Штелувачи) за влечно јаже заедно со потребните завртки по урнек. | бр. | 20,00 |
| **13** | Репарација на Рамки за тркалца според примерок.   | бр. | 40,00 |
| **14** | Бојадисување на столбовите и на појдовната и дојдовната станица со епоксидна боја. | бр. | 8,00 |

| ЕЛЕКТРИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Р. Бр. | **Опис на Работа** | **Ед. Мерка** | **Количина** |
| **7** | Набавка и Монтажа на Комплет Електроника и Управувачки Дел со комплетна демонтажа на постоечката: | | |
| | **Опис - Ормар** | | |
| 1 | Ормар 1000x1700x350 со дупло дно | бр. | 1,00 |
| 2 | Грејач за ормар | бр. | 1,00 |
| 3 | Термостат за ормар | бр. | 1,00 |
| 4 | Вентилатор 260x260 за ормар со филтер | бр. | 2,00 |
| 5 | Главен гребен трополен 160A | бр. | 1,00 |
| 6 | Главен контактор 75 Kw | бр. | 1,00 |
| 7 | Моторна заштита 100-130 амп топлотна | бр. | 1,00 |
| 8 | Помошен контакт за моторна заштита NC | бр. | 1,00 |
| 9 | Главни Осигурачи 125 amp со подножје | бр. | 1,00 |
| 10 | Релеј со 2 контакти NO/NC 48 AC Amp | бр. | 8,00 |
| 11 | PLC CPU 396 R | бр. | 1,00 |
| 12 | Модул за проширување 8/8 Реле | бр. | 1,00 |
| 13 | HMI 7" Ethernet VNC | бр. | 1,00 |
| 14 | Комуникациски Кабел HMI/PLC | бр. | 1,00 |
| 15 | Напојување 24 DC 5A | бр. | 1,00 |
| 16 | Трафо 220/48V 10A | бр. | 1,00 |
| 17 | Сигнален Семафор | бр. | 1,00 |
| 18 | Тастер | бр. | 6,00 |
| 19 | Е стоп копче | бр. | 3,00 |
| 20 | Метална Кутија 100x150 за копчиња | бр. | 3,00 |
| 21 | Монтажен Матрејал-Жици, Клеми, Шини. | бр. | 1,00 |
| 22 | Инвертер 55KW Вектор | бр. | 1,00 |
| 23 | Сензор за брзина на ветер | бр. | 1,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Опис - Жичара, обнова и испитување на громобранската инсталација и заземјувањето вклучено во понудата.** | | |
| 1 | Кабел Сигнален 12x1.5mm | м | 1.200,00 |
| 2 | Прекидач за позиција на Сајла NC IP 67 | бр. | 16,00 |
| 3 | Приклучна Кутија IP 67 300x400 mm | бр. | 8,00 |
| 4 | Брава за приклучна кутија | бр. | 8,00 |
| 5 | Метална цевка за Кабел | м | 350,00 |
| 6 | Кабел 3x1,5 | м | 350,00 |
| 7 | Инсталација и Програмирање на Системот | бр. | 1,00 |
| 8 | Кабел за Разглас 2x1,5 | м | 680,00 |
| 9 | Звучници Надворешни | бр. | 20,00 |
| 10 | Појачало со Радио и MP3 и Микрофон | бр. | 1,00 |

Спецификатор

Владо Филипов